РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28-3/2310/14 од 14.08. 2023 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.32/2020), Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Се известуваат сите заинтересирани граѓани, правните лица, државната управа,научните и стручните организации, дека Општина Гази Баба води постапка за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4.3 (семејни куќи за времен престој-викенд куќи) на КП 1993/1 и КП 1992/1 м.в. Каменица, КО Раштак, Општина Гази Баба-Скопје.

Границите на предметниот опфат на УП се:

- На северозапад граничи со КП 1991/2 КО Раштак;
- На североисток граничи со КП 2570, 1992/2, и КП 1993/2 КО Раштак;
- Од југоисток граничи со КП 1994 и КП 1996 КО Раштак;
- На запад граничи со катастарските парцели: КП 2018 и КП 2019 КО Раштак.

Прекршни точки:

| | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7540423.36 | 4659543.87 |
| 2 | 7540460.91 | 4659565.93 |
| 3 | 7540465.82 | 4659564.20 |
| 4 | 7540465.82 | 4659564.20 |
| 5 | 7540482.18 | 4659531.13 |
| 6 | 7540465.32 | 4659524.14 |
| 7 | 7540428.98 | 4659501.86 |
| 8 | 7540418.28 | 4659508.81 |
| 9 | 7540419.46 | 4659523.52 |
| 10 | 7540486.50 | 4659580.29 |
| 11 | 7540488.60 | 4659577.07 |

Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **2309.48m²**, односно **0,23ha**.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4.3 (семејни куќи за времен престој-викенд куќи) на КП 1993/1 и КП 1992/1 м.в. Каменица, КО Раштак, Општина Гази Баба-Скопје, ќе биде објавен на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и изложен во просториите на Општина Гази Баба, барака 8, соба 73а, во рок од 15 дена и тоа почнувајќи од 16.08.2023 год. до 31.08.2023 год., секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот, во кој период може да се доставуваат евентуални забелешки преку анкетни листови.

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да достават забелешки, предлози и мислења преку информациски систем е-урбанизам или архивата на Општина Гази Баба.

Изработил:
Катерина Велков, диа

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Боban Стефковски